**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-104/5 донесена на 181. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 4.4.2017 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *урологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија", „Утрински весник" и „Коха" на 9.3.2017 година и во предвидениот рок се пријави д-р Јован Ивчев, асистент на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот асистент **д-р Јован Ивчев** е роден на 5.7.1963 год. во Велес, каде што завршува основно и средно образование, Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје во 1988 година со просек 8,65. Во Здравниот дом на железница-Скопје е вработен од 1988 до 1991 година. Како активно воено лице, вработен е како началник на санитетска служба на бригада во Велес од септември 1991 до септември 1993 г. Во Воената болница во Скопје е вработен од септември 1993 година. Специјализација по урологија завршува во октомври 1997 година. По завршување на постдипломските студии од областа на хирургијата со просек 9,50, во 2001 година го одбранува магистерски труд со наслов „*Уро-дигестивни фистули: дијагноза, третман и превенција*" со што се здобива со звањето магистер на медицински науки по хирургија. Во октомври 2005 година завршува и специјализација по општа хирургија. Од мај 2013 до јануари 2014 година е поставен за началник на Санитетската служба на АРМ. По завршување на докторските студии од областа на клиничка медицина во ноември 2016 година ја одбрани докторската дисертација со наслов „*Подготвеност за медицински одговор при масовни инциденти со хемиски, биолошки и радиолошки агенси – претхоспитална и хоспитална подготвеност*" со што се здобива со звањето доктор на медицински науки–клиничка медицина. Како асистент на хирургија и урологија на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Јован Ивчев е активно вклучен во подготовката и изведувањето на практичната настава по предметот Хирургија и урологија на Медицинскиот факултет во Скопје, како и на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип како предавач по предметот Воено-хируршки гранки на медицината.

Како долгогодишен воен уролог и хирург со завршени бројни меѓународни стручни усовршувања и курсеви од областа на воено-хируршките гранки д-р Јован Ивчев како посебна област на интерес ги има обработено оперативните техники во третманот на малигните заболувања на простата и мочниот меур, како и хируршкото лекување на повредите на урогениталниот тракт.

Од 22.5.2008 година е избран за асистент по хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје и е во редовен работен однос на Уролошкото одделение, при хируршките одделенија во ГОБ „8-ми Септември" во Скопје од јануари 2014 година. Како асистент по урологија и хирургија одржува редовна практична настава со студенти по предметите: Урологија, Општа хирургија, Клиничка медицина и Ургентна медицина, а изведува и менторска настана со специјализанти по урологија, хирургија и гинекологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и Медицинскиот факултет - Скопје.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука бр.02-1459 од 23.5.2008 год. е избрана за асистент по наставно-научната област хирургија на Медицинскиот Факултет во Скопје;
2. Објавени најмалку четири научноистражувачки труда во соодветната област во меѓународни научни списанија / меѓународен уредувачки одбор или два научноистражувачки труда во списанија со импакт фактор;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/публикација | Години на излегување<br>На списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ivchev Jovan[1], Kajevski Voislav[1], Stefanovski Ante[1], Stojanoski Ivica[1], Gjurcevski Gjorgi[1], Minev Igor[1] | Comparative Study of the postoperative treatment of patients with superficial cancer of the urine bladder | International Medical Journal Medicus. 2014Sep 14; 19(3):495-500. http://www.imjm.mk/index.php | Од 2013<br>(5 години) |
| 2 | Ivchev Jovan[1], Bekarovski Niko[2], Ivceva Nada[1], Stikova Elisaveta[3] | Incident Risk Assessment og major medical incidents with CBR agents in the Republic of Macedonia | International Medical Journal Medicus. 2015Мај 11; 20(2):245-252. http://www.imjm.mk/index.php | Од 2013<br>(5 години) |
| 3 | Ivchev Jovan[1], Bekarovski Niko[2], Ivceva Nada[1], Stikova Elisaveta[3] | Evaluation of the hospital preparedness for response to major medical incidents withchemical, biological and radiological agents in the Republic of Macedonia | International Medical Journal Medicus. 2016Feb 11; 21(1):33-39. http://www.imjm.mk/index.php | Од 2013<br>(5 години) |
| 4 | Ivchev Jovan[1], Chipurovski Igor[1], Stojanoski Ivica[1]. | The role of preserving the inner sphincter mechanism and the bladder neck in the early achieving urine continence when performing retropubic prostatectomy | International Medical Journal Medicus. 2017Jan 20; 22(1):15-20. http://www.imjm.mk/index.php | Од 2013<br>(5 години) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Асистент д-р Јован Ивчев работи во Градската општа болница „8-ми Септември“ во Скопје. Во периодот од 2008 година работи како асистент по урологија, општа хирургија, клиничка медицина и ургентна медицина а од 2017 година и како експерт од пракса на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ од областа на воено-хируршките гранки на медицината. Со Одлука бр. 02-1459 од 23.5.2008 година е избран за асистент по предметот Хирургија. За истакнување е неговиот коректен однос кон студентите и специјализантите и исполнувањето на сите задолженија од наставниот процес, како и досегашната соработка со колегите во колективите во кои работел.

Во изборниот период асистент д-р Јован Ивчев учествува како член на стручно експертска комисија на Министерството за здравство од областа на урологијата за проценка на успешноста на работата на Клиничкиот центар за трансплантација на бубрези, комисија за утврдување на услови за вршење на здравствена дејност на секундарно ниво (специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита) и комисија за нострификација на странски дипломи за завршена специјализација по урологија.

Неговиот научен интерес е од областа на онколошката урологија, ендоскопската и лапароскопска урологија, како и пострауматската реконструктивна хирургија на

урогениталниот тракт. Во изборниот период, како автор и коавтор има објавено повеќе научни трудови во меѓународни списанија и во зборници на трудови од меѓународни и домашни конференции. Тој е член на Здружението на урологи на Македонија, Европската уролошка асоцијација, Воено-медицинско истражувачката единица на НАТО за Европа и на Лекарската комора на Македонија.

***Трудови во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор*:**

1.**Ivchev Jovan**[1], Kajevski Voislav[1], Stefanovski Ante[1], Stojanoski Ivica[1], Gjurcevski Gjorgi[1], Minev Igor[1].

Comparative Study of the postoperative treatment of patients with superficial cancer of the urine bladder.

International Medical Journal Medicus. 2014 Sep 14; 19(3):495-500. ISSN 1409-6366.

http://www.imjm.mk/index.php

75% од туморите на мочниот меур се површни. Површните карциноми се повторуваат кај 80% од пациентите. Целта на трудот е утврдување на потребата од постоперативна интравезикална апликација на БСЖ вакцина кај пациентите со површен карцином и утврдување на оптималната доза на БСЖ потребна за превенција на истите.

**2**. **Ivchev Jovan**[1], Bekarovski Niko[2], Ivceva Nada[1], Stikova Elisaveta[3]

Incident Risk Assessment og major medical incidents with CBR agents in the Republic of Macedonia

International Medical Journal Medicus. 2015 Мај 11; 20(2):245-252. ISSN 1409-6366.

http://www.imjm.mk/index.php

Сè почестите закани од масовни повреди комбинирани со хемиска, биолошка или радиолошка контаминација изнудуваат потреба од изработување на стратегија за детекција, превенција и брз и ефикасен медицински одговор. Целта на студијата е проценка на ризикот од појава на овој вид на масовни повреди во Република Македонија и евалуација на здравствениот систем за подготвеност за одговор.

3.**Ivchev Jovan**[1], Bekarovski Niko[2], Ivceva Nada[1], Stikova Elisaveta[3]

Evaluation of the hospital preparedness for response to major medical incidents withchemical, biological and radiological agents in the Republic of Macedonia

International Medical Journal Medicus. 2016 Feb 11; 21(1):33-39. ISSN 1409-6366.

http://www.imjm.mk/index.php

Адекватната хоспитална подготвеност претставува основен предуслов за намалување на последиците од масовни медицински повреди контаминирани со хемиски, биолошки и радиолошки агенси. Цел на студијата е евалуација на хоспиталната подготвеност на здравствениот систем на Република Македонија за одговор при масовни медицински инциденти со ХБиР агенси и утврдување на потреба од воведување на континуирана едукација на медицинскиот кадар за адекватен третман на овој вид повредени заболени.

4.**Ivchev Jovan**[1], Chipurovski Igor[1], Stojanoski Ivica[1].

The role of preserving the inner sphincter mechanism and the bladder neck in the early achieving urine continence when performing retropubic prostatectomy

International Medical Journal Medicus. 2017 Jan 20; 22(1):15-20. ISSN 1409-6366.

http://www.imjm.mk/index.php

Една од најчестите постоперативни компликации кај пациенти кај кои е направена радикална простатектомија поради карцином е раната уринарна инконтиненција. Целта на студијата е да се процени улогата на зачувувањето на внатрешниот сфинктер на уринарната инконтиненција кај пациенти кај кои е извршена отворена радикална ретропубична простатектомија.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир***

5. **Ivchev Jovan**, Pendovski Zlatko, Gjurchevski Gjorgi; Intraoperative ultrasonography improves the surgical technic and changes the therapeutic strategy during the operations of renal neoplasmas and nephrolithiasis. Jun 2002, Skopje, Macedonia, Прв Македонски национален конгрес по урологија во соработка со Европската уролошка асоцијација. Македонски медицински преглед 55 :(суплемент 51): 68-69.

Цел на студијата е утврдување на влијанието на интраоперативната ултрасонографија врз видот на хирушкиот пристап и хирушката техника, како и врз оперативната стратегија за време на оперативниот третман на бубрежните тумори и нефролитијазата. Притоа е направена проспективна студија кај 87 пациенти кај кои за време на операцијата користена е интраоперативна ултрасонографска сонда од 7,5 Hz.

6. **Ivchev Jovan;** Urodigestive fistulas–methods of treatment. Jun 2002, Ohrid, Macedonia. Прв Македонски национален конгрес по урологија во соработка со Европската уролошка асоцијација. Македонски медицински преглед 55 :(суплемент 51): 78-79.

Смртноста од уродигестивните фистули изнесува во светстака литература изнесува околу 3,5%, додека во Р. Македонија истата изнесува 8,69%. Целта на студијата е утврдување на најадекватен хирушки метод во лекувањето на уродигестивните фистули и улогата на користење на  природен флеб во превенцијата од рецидиви.

7. **Ivchev Jovan**; Operative and conservative treatment of a patient with cistin nephro-lithiasis-case report. Jun 2002 Ohrid, Macedonia. Прв Македонски национален конгрес по урологија во соработка со Европската уролошка асоцијација. Македонски медицински преглед 55 :(суплемент 51): 67.

Приказ на редок случај на пациент со хронична бубрежна слабост поради цистинска калкулоза на двете страни со над 30 калкулуси. Кај пациентот се докажа автосомен рецесивен тип на цистинурија од Тип 1. По направената отворена нефролитотомија со помош на интреоперативна ултрасонографија и постоперативниот третман со alfa-mercaptoprionylglycine -900 mgr дневно дојде до регулирање на бубрежната функција и нормализирање на деградационите продукти во крвта.

8. **Ivchev Jovan**, Chipurovski Igor, Stefanovski Ante, Kajevski Voislav, Stojanoski Ivica, Minev Igor, Krstev Toni, Gjurchevski Gjorgi; Role of preserving the inner sphincter mechanism and the bladder neck in the early achieving urine continence when performing radical prostatec-tomy. Македонски медицински преглед април 2016 Скопје, стр. 16-18

Со цел да се утврди ефикасноста од зачувувањето на внатрешниот сфинктер на м меур за време на отворена супрапубична радикална простатектомија врз воспоставување на рана континентност се направи компарација помеѓу 34 пациенти со зачуван внатрешен сфинктер и контролна група од 20 пациенти каде истиот не е зачуван поради реконструкција на вратот на м меур во вид на „тениски рекет".

9. Stojanoski Ivica, **Ivchev Jovan**, Stefanovski Ante, Kajevsli Voislav, Gjurchevski Gjorgi, Krstev Toni, Minev Igor, Ilievski Laze, Chipurovski Igor, Stankov Oliver, Stavridis Sotir, Kosto-va Masha. Improved prostate cancer detection rate with MRI spectroscopy in patients with prior negative piopsy and rising PSA level. Македонски медицински преглед април 2016 Скопје, стр. 30.

Цел на студијата е евалуација на улогата на магнетната резонантна спектроскопија (MRSI) во детекција на простатичен туморски фокус кај пациенти со покачено ниво на ПСА туморски маркер, пред изведување на ТРУС биопсија на простатичната жлезда.

10. Minev Igor, Stefanovski Ante, **Ivchev Jovan**, Krstev Toni, Stojanoski Ivica, Chipu-rovski Igor, Ilievski Laze, Vejseli Gj, Tosheska-Trajkovska K. Поврзаност на нефролитијазата и дислипидемијата. . Македонски медицински преглед април 2016 Скопје, стр. 31-32.

Метаболните заболувања се начестите причинители за појава на нефролитијаза. Цел на трудот е да се испита можната поврзаност на дислипидемијата со нефролитијазата.

11. **Ivchev Jovan**; Overview of the Military Medicine in Macedonia and its Role in the NATO Peace Keeping Operations. 28th Reed M. Nesbit Urologic Society and Visiting Professor Meeting, Oct. 2013 Ann Arbor, University of Michigan.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

- Како началник на Санитетската служба на АРМ учествува во изготвување на Правилникот за работа на санитетската служба во Армијата на Република Македонија.
- Член е на Државната комисијата за нострификација на странски дипломи на специјализација по урологија,
- Член на Комисијата за утврдување на услови за вршење на здравствена дејност на секундарно ниво (специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита); Одлука бр. 17-1877/2 од 25.3.2016 година издадена од Министерството за здравство на РМ,
- Член на Комисија за вршење на надзор на стручната работана Универзитетската клиника за урологија и на Универзитетската клиника за нефрологија. Решение бр. 11-61/1 од 16.3.2016 година, Министерство за здравство,
- Едукатор е на повеќе специјализанти по урологија, општа хирургија, гинекологија и воена медицина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Асистент д-р Јован Ивчев, вработен во Градската општа болница „8-ми Септември“ - Скопје, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *урологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, асистент д-р Јован Ивчев има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот **асистент д-р Јован Ивчев** да биде избран во звањето **насловен доцент** од наставно-научната област **урологија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Андреја Арсовски, вонредовен професор,**
**вработен во Прва приватна општа болница „Ремедика“ - Скопје,**
**претседател, с.р.**
**Академик проф. д-р Живко Попов, редовен професор,**
**вработен во Специјална болница по хируршки болести**
**„Филип Втори“ – Скопје, член, с.р.**
**Доц. д-р Константин Митев, доцент, вработен во**
**Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“**
**Скопје - член, с.р.**